РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1312/4

24-12-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава на познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) 57 - та седница, продолжение одржано на ден 21.12.2021 година донесе

## Одлука

Постапката по предметот број 12 - 1312 од 2021година оформен врз основа на пријава доставена од познат подносител, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување во предметот поради тоа што по дел од предметните наводи веќе има постапувано по предмети од повеќе аспекти, а за останатите пријавени наводи нема можност да се произнесе бидејќи не се доставени дополнителните информации побарани од подносителот на пријавата.

Одлуката на ДКСК, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-1312 од 2021 година е оформен по пријава бр. 12-1312/1 од 25.03.2021 година, доставена до ДКСК од познат подносител, -------- --------- од ----------, со дополнување кое е заведено под број 12-1312/2 од 21.07.2021 година, во кои се изнесени наводи за неправилности во работењето во Општина Струга и Општина Арачиново и непреземање на дејности за кои бил овластен од страна на Градоначалникот на оваа Општина, по однос на наплатувањето на данок на имот и данок на промет на територијата на оваа општина.

Подносителот на пријавата дава предлог со кој предлага ДКСК да иницира постапка за целосно испитување на работењето на градоначалникот на Општина Струга од повеќе аспекти, вклучувајќи и испитување на неговата активност во однос на нелегално изградените објекти на територијата на Општината, а доколку постојат основи на сомневање за сторени кривични дела да се иницира и соодветна постапка против наведеното лице; како и да се испита целосно работата на градоначалникот на Општина Арачиново и во таа насока за непреземање на дејности за кои бил овластен како градоначалник на Општината да се наплатува данокот на имот и данокот на промет на територијата на оваа општина.

При разгледувањето на предметните наводи, ДКСК го констатира следново:

- По однос на пријавените наводи за неправилности во работењето во Општина Струга , Државната комисија веќе има постапувано по предмети од повеќе аспекти, вклучувајќи и испитување на неговата активност во однос на нелегално изградените објекти на територијата на Општината;

- По однос на наводите во доставената пријава за неправилности во работењето во Општина Арачиново констатирано е дека во пријавата се содржани општи наводи, без посочување на конкретни личности и активности и од наводите не произлегува дека е загрозен јавниот интерес од страна на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Оттаму, заради утврдување на фактичката состојба и носење на соодветна одлука по предметниот случај, ДКСК побара од подносителот на пријавата да ја дополни со податоци, информации и прилог документација со кои би се конкретизирале предметните наводи за неправилности во работењето на Општина Арачиново и непреземањето на дејности за кои бил овластен од страна на Градоначалникот на оваа Општина, по однос на наплатувањето на данок на имот и данок на промет на територијата на оваа општина.

Од страна на подносителот на пријавата заклучно до денот на одлучувањето на ДКСК при постапувањето по овој предмет не се доставени бараните информации и документација, поради што ДКСК нема елементи да го продолжи своето натамошно постапување и нема можност да се произнесе по овие пријавени наводи.

Со оглед сето погоре констатираното, ДКСК утврди дека по дел од пријавените наводи во предметниот случај Државната комисија веќе има постапувано по предмети од повеќе аспекти, а за останатите пријавени наводи нема можност да се произнесе бидејќи не се доставени дополнителните информации побарани од подносителот на пријавата, по што оцени дека нема елементи за свое натамошно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до : Подносителот

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК